РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1043/12
12-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница, одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1043/1 од 06.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1043/1 од 06.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по електронска пријава од непознат подносител, оформи предмет со број 08-1043/1 од 06.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното _____ по избор на функцијата вршител на должноста директор на _____, и _____ по избор на функцијата вршител на должноста директор на _____.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _____ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата вршител на должноста директор на _____, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1043/7 од 15.04.2026 година и го достави до сторителот на прекршокот.
Истиот го плати наведениот износ на глобата за изреченият прекршок и достави доказ за извршена уплата.
Лицето по истек на законскиот рок поднесе Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _____ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата вршител на должноста директор на_____, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.
За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1043/9 од 15.04.2026 година и го достави до сторителот на прекршокот.
Истиот го плати наведениот износ на глобата за изреченият прекршок и достави доказ за извршена уплата.
Лицето по истек на законскиот рок поднесе Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.
Со преземање на горе наведените дејствија од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: Н.Т-М раководител на одделение
Согласен: К.З. раководител на сектор